ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГОЛЕМО И МАЛО ГРАДСКИ ПАЗАР
Бр. 04-39/6
13.02. 2025 год.
ОХРИД

**ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД**
**Булевар Туристичка 79**
**Тел.046/266-600**

**E-mail:**
**contact@gradskipazarohrid.mk**
**www.gradskipazarohrid.mk**

**Жиро сметки:**

**Шпаркасе банка 250-0002013595-98**
**Тутунска банка 210-0666168801-94**

**Даночен број: 4020010514296**
**ДДВ број: МК4020010514296**

Врз основа на член 10 и член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19 ,14/20, 215/21 и 99/22), во врска со објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во ЈП Градски Пазар Охрид бр.441/2024 од 31.12.2024 година и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас, заверен архивски број 10-223/5 од 12.02.2025 година, Директорот на ЈП Градски Пазар Охрид на ден 13.02.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас број 441/2024 во "ЈП Градски Пазар" Охрид**

1. За извршител на работно место Виш референт за материјална евиденција **во Одделение за заеднички и општи работи, со шифра на работно место** КДР0102Г02045, се избира кандидатот **Емилија Крстевска.**

2 Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе конечно Решение за вработување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување.

***Образложение***

По барање за обајвување на јавен оглас бр.04-522/1 од 24.12.2024 година поднесено од ЈП Градски Пазар Охрид до Агенција за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха.

Со Решението бр. 10-1904/223/1 од 14.01.2025 година донесено од директорот на Агенција за администрација е формирана Комисија за селекција за вработување на административен службеник, согласно Закон за административни службеници.

По спроведената постапка, Комисијата направи Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-223/2 од 20.01.2025, Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-223/3 од 06.02.2025 година, како и Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интрвју за административен службеник бр.10-223/5 од 12.02.2025 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција направена е конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување по јавен оглас бр. 441/2024 и истите се доставени до Директорот на ЈП "Градски Пазар" Охрид.

Согласно предлогот за вработување по јавен оглас бр.441/2024 бр.10-223/5 од 12.02.2025, Директорот на ЈП Градски Пазар Охрид донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**; против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 ( осум ) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на Агенцијата за администрација.

Изработил:
Гордана Малеска
Доставено до:
-Агенција за администрација
-Архива
-Одделение за заеднички и општи работи

ЈП Градски Пазар Охрид
Директор

Александар Попоски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ГОЛЕМИ И МАЛИ ПАЗАРИ ГРАДСКИ ПАЗАР * Охрид *